# Информации за собирањето и обработката на личните податоци во врска со барањата за стипендија

Внимателноста и транспарентноста се основа на соработка заснована на доверба. Токму поради тоа, во продолжение детално објаснуваме како ги обработуваме личните податоци во врска со барањата за стипендија и како може да ги докажете правата што ги имате во рамките на Општата регулатива за заштита на личните податоци (GDPR) и новите закони за заштита на личните податоци.

## 1 Кој субјект е одговорен за обработка на податоците (на пр., контролор на податоци)?

Контролор на податоците е:

Yamaha Music Europe GmbH
Siemensstrasse 22-34
D-25462 Rellingen

## 2 Како може да остварите контакт со Службеникот за заштита на податоците?

Со Службеникот за заштита на податоците може да контактирате на:

Yamaha Music Europe GmbH
За Службеникот за заштита на податоците
Siemensstrasse 22-34
D-25462 Rellingen

Или: dataprotection@contact.europe.yamaha.com

## 3 За кои цели и врз која правна основа ги обработуваме податоците?

Податоците ги обработуваме за целите на барањето за стипендија до степен што е неопходен со цел да донесеме одлука за да ви доделиме стипендија кај нас. Освен тоа, може да ги обработиме личните податоци за вас онаму каде што ни е потребно со цел да се заштитиме себеси од правни тужби упатени кон нас во врска со процесот на поднесување барања. Такво право имаме врз основа на член 6 став 1 (f) од GDPR, при што законскиот интерес ни е, на пример, должност да обезбедиме доказ во постапките во рамките на локалните закони против дискриминација.

Ако се согласиме да ви доделиме стипендија, може и понатаму, за целите на стипендијата, да обработуваме лични податоци што веќе ги имаме добиено од вас, ако е тоа потребно со цел да се реализира или раскине стипендијата.

## 4 Кому ќе му бидат откриени личните податоци?

Личните податоци може да им ги откриеме на нашите филијали, во случаи кога е дозволено, за целите и врз основа на правната основа утврдена во точка 3 погоре. Освен тоа, личните податоци се обработуваат во наше име врз основа на договорите во согласност со член 28 од GDPR.

## 5 Дали податоците се пренесуваат во земји надвор од Европската унија (т.н. трети земји)?

Земјите надвор од Европската унија (и надвор од Европската економска област „ЕЕА“) практикуваат поинаква заштита на личните податоци за разлика од земјите во Европската унија. При обработката на податоците, исто така ги користиме услугите на обезбедувачи на услуги што се наоѓаат во земји надвор од Европската унија и/или пренесуваме податоци на групации надвор од ЕУ.

Според тоа, спроведуваме специјални мерки со цел да гарантираме дека податоците во овие трети земји се обработуваат на начин што е подеднакво сигурен како во Европската унија. Во договорите што ги склучуваме со обезбедувачите на услуги и групациите во трети земји, ги користите стандардните клаузули за заштита на податоците што ги обезбедува Комисијата на Европската унија. Овие клаузули овозможуваат соодветни гаранции за заштита на податоците од страна на обезбедувачите на услуги во трети земји.

Меѓутоа, за да ви ги заштитиме личните податоци, во секој случај остануваме првата точка на контакт за извршување на правата што ги имате визави примачите во третите земји и пренесувањето на личните податоци во рамките на нашата корпоративна групација само ако ни дадете дозвола.

## 6 Колку време ќе ги чуваме податоците?

Личните податоци ќе ги чуваме онолку време колку што е потребно со цел да донесеме одлука во врска со барањето за стипендија. Ако не ви доделиме стипендија, можеби сепак и понатаму ќе ги чуваме податоците во случаите каде што е потребно со цел да се заштитиме себеси од потенцијални правни тужби. Во секој случај, документите од барањето за стипендија ќе ги избришеме шест месеци по објавувањето на одлуката за одбивање, освен ако не треба да ги чуваме подолго поради правен спор. Во случаите во кои ги чуваме личните податоци со ваша дозвола, ќе продолжиме да ги чуваме додека не ја повлечете дозволата.

## 7 Какви права имате во врска со обработката на податоците?

Имате право за информации, исправка, бришење и ограничување на обработката. Правото за информација и правото за бришење се предмет на ограничувањата што се правосилни во рамките на локалните закони за заштита на податоците. Покрај тоа, имате право на поднесување жалба кај надлежното тело за надзор на заштитата на податоците.

Онаму каде што обработувањето на податоците е засновано на законски интерес, имате право на приговор кон обработувањето врз основа поврзана со конкретната ситуација во која се наоѓате. Во случај на приговор, ќе прекинеме да ви ги обработуваме личните податоци освен ако не покажеме валидна правна основа за обработката којашто преминува преку вашите интереси, права и слободи, или пак за утврдување, извршување или одбрана на правна тужба.

Онаму каде што обработката се заснова на согласноста што сте ја дале, имате право да ја повлечете согласноста и да не важи за во иднина.

Со цел да ги остварите правата што ги имате, обратете ни се или обратете се кај Службеникот за заштита на податоците.

**8 Дали сте обврзани да ни ги дадете личните податоци?**

Нема законски или договорни одредби со кои се бара обезбедување лични податоци ниту пак сте обврзани да ни ги дадете личните податоци. Меѓутоа, потребно е да ни ги обезбедите личните податоци со цел да добиете стипендија од нас. Ова значи дека, ако не обезбедите лични податоци заедно со барањето за стипендија, нема да може да ви понудиме стипендија.

**9 Промени на информациите**

Ако целта за која се обработуваат личните податоци или начинот на кој се обработуваат значително се промени, однапред ќе ги ажурираме овие информации и навреме ќе ве известиме за промените.

Последна измена: септември 2018 год.